Кон горе дадените воопштени поединости и оценки на документот, се приведува уште и следниот интерен момент. Имено, следствие на настаните, веќе да се ослободени од единиците на НОБ и ПОЈ двата града Кичево и Дебар; да е протерана окупаторската власт наедно широко подрачје, и да е создадена голема слободна територија, која го зафаќа претежниот дел на Западна Македонија, што беше под италијанско-албанска окупација, Движењето на отпорот да е реална снага и фактор со кој и тоа како, мора да се калкулира во сметките на преостанатите окупаторски режими во земјата, уште повеќе од оние структури и снаги што туку треба да се определат и подготват за идните политички решенија, по окончување на војната. Беше нужно носителите на оваа разбранета народна војна да излезат од анонимноста и да се претставату на јавноста, а токму тоа е и сторено во овој документ. Ние по прв пат од почетокот на Народноослободителната војна во Македонија ги среќаваме во еден проглас, прокламација, со кој се обрнува Движењето кон народот, полните легални имиња на двајца високи раководители на единиците на НОБ и ПОЈ во Македонија. Наскоро, се со објавувањето на Манифестот на Главниот штаб на Македонија во октомври 1943 година, пишувањето на полните легални имиња стана практика.

*В. Весковиќ — Вангели*

## МАЈСКАТА ДЕМОНСТРАЦИЈА НА ВЕЛЕШКИТЕ ЖЕНИ ВО 1942 ГОДИНА

Во виорот на Втората светска војна Македонија била окупирана од војските на нацистичка Германија, а потоа поделена меѓу бугарскиот и италијанскиот освојувач, станувајќи предмет на безпоштедна експлоатација и терор. Прогресивниот дел на македонското општество и револуционерно воспитаните партиски кадри, меѓу кои имало забележителен број жени, пружиле сериозен отпор на окупаторот, придонесувајќи на тој начин фротнот на ослободителната војна на југословенските народи да биде проширен и на теренот во Македонија. Бројните демонстрации, диверзантските акции и вооруженото востание од 11 октомври 1941 година биле најдобра потврда за тоа.

И револуционерниот Велес го пречекал подготвен за борба бугарскиот окупатор. Набргу таму дошло до диверзантски акции, а во почетокот на есента 1941 година бил формиран и партизански одред во градот, а тоа придонело антиокупаторското расположение во градот да биде силно изразено. Велешката жена, останувајќи доследна на борбениот завет, прекалена во револуционерните акции, снаодлива и трпелива, била цврст подслон во богатата илегална работа на партиската организација, која без нејзиното активно залагање би била прилично отежната.

Идејно-политичката работа со велешките жени и во 1942 година била на преден план во дејноста на партиската организација. Таа била остварувана преку постоечките читачки и симпатизерски групи во градот,

што биле формирани скоро во сите претпријатија и установи, а исто така и во маалските реони. Во својата работа тие го користеле пропагандниот партиски материјал, ги коментирале настаните на светските боишта, ја објаснувале и расправале за ослободителната војна на југословенските народи, и, разбирливо, најмногу се задржувале на ситуацијата во градот и дејствијата на Велешкиот партизански одред, како и на мерките што ги преземал окупаторот на ликвидирање на ослободителното движење во Велешко.

Во оваа прилика ние ќе се задоволиме да изнесеме само еден мал фрагмент од богатата и разновидна револуционерна активност на жените од Велес во 1942 година. Имено, ќе се задржиме на познатата, но досега недостатно објаснета, демонстрација на велешките жени од 11 мај 1942 год.

Непосреден повод за демонстрацијата дала најавената мобилизација на Велешани за таканаречените трудови дружини, која требало да се изврши кон средината на мај истата година. Основната цел на окупаторот била на таков начин да го собере и да го стави под контрола машкото население од Велес, што, од своја страна, требало да има за последица ликвидирање на илегалното движење во градот и спречување прилив на нови борци во партизанскиот одред. Месниот комитет и Одборот на жените што влегувал во неговиот состав, веднаш извршиле консултирање со активистките во градот, а потоа се пристапило кон организирање демонстрација, што требело да ја изведат велешките жени. Во текот на припремите за демонстрација посебно внимание им било посветено на жените, чии најблиски морале да заминат во трудовите дружини, зашто не биле опфатени во ослободителното движење на градот. Во организационата работа и во изведувањето на овој значаен настан се истакнала Александра — Цана Пејкова*). Особено залагање во подготовките околу демонстрацијата покажале жените од реонот Црна Џамија, на чело со старата активистка Ката Капчева.

Во постоечката литература демонстрацијата е датирана како настан што се одиграл кон крајот на април 1942 година, па дури е видлива желбата на одделни автори таа да добие потрајна терминолошка определба како „Априлска демонстрација".[1]) Основа за ваквото датирање веројатно лежи во сеќавањето на современиците. Меѓутоа, автентичните изворни документи што имавме можност да ги консултираме, ја оспоруваат точноста на ваквите искажувања и го praмеstuваат датумот на демонстрацијата во месецот мај 1942 година. Така, во органот на партиската организација на Велес „Народен билтен" бр. 20 од 10 мај 1942 година, на чија осма страница е одбележена демонстрацијата, се вели дека до неа дошло „пред некој ден", што значи неколку дена пред 10 мај

---

*) По кажувањата на учесничките во демонстрацијата и членките на делегацијата Грозда Кочева и Мара Каракостева.

[1]) Никола Кирков, Јордан Леов — Велес во НОБ (Велешките партизански одреди), Скопје, 1952, стр. 21—22; Васа Капчева, Априлските демонстрации на велешките жени „Неги даваме синовите во бугарската војска", Спомен весник на велешката партиска организација, Народен билтен, Т. Велес, 9. XI. 1961, стр. 4.

1942 година[2]). Сличен израз е употребен и во наредниот број 21 од „Народен билтен", што го носи датумот 17 мај 1942 година[3]). Уште поконкретен во случајот е извештајот на Добривоје Радосављевиќ — Орце, што, на 4 септември 1942 година го испратил до ЦК КПЈ[4]). Во него, меѓу другото, се изнесени податоци за демонстрацијата, при што е речено дека била изведена „во почетокот на мај".

Сметаме дека изнесеното е достатно за да послужи како сигурен доказ дека демонстрацијата на велешките жени станала во почетокот на мај, а не во крајот на април, па според тоа треба да го носи името мајска, а не априлска демонстрација. Но постои уште еден, по наше мислење, најверодостоен податок за датирање на настанот. Тоа е извештајот на Околиската управа од Велес, што на 20 мај 1942 година бил испратен до Скопската обласна дирекција[5]). Во еден званичен акт на бугарската окупаторска власт стои дека демонстрацијата била на 11 мај 1942 година. Во оваа прецизност, со оглед на карактерот на документот и настанот што во него е третиран, тешко може да се има поголеми резерви, барем по однос на датирањето на демонстрацијата. А токму во тој извештај наоѓаме засега единствена фиксација на датумот. Кога би го прифатиле овој датум како точен, би забележиле дека тој е во непомирлив расчекор со оној што го носи погоре цитираниот „Народен билтен" бр. 20. Имено, се поставува прашањето: ако демонстрацијата се одржала на 11 мај, тогај како можела да биде одбележена во органот на Велешката партиска организација, кој е датиран 10 мај истата 1942 година!? Навистина апсурд! Разрешувањето, склони сме да веруваме нема да го доведе во прашање датумот на демонстрацијата, туку ќе го коригира, или уште поточно, ќе го прецизира датумот што се наоѓа на осмата страница од „Народен билтен".

Да се вратиме на текот на настаните поврзани со самата демонстрација.

Во утринските часови на 11 мај 1942 година, маса од околу 150—200 жени излегла од тесните велешки улици и се упатила кон Општината, протестирајќи против мобилизацијата. Била составена и делегација од четири повозрасни жени, и тоа: Ката Капчева, Пандора Каракостева, Мара Каракостева и Грозда Кочева.[6]) Тие се упатиле кај градскиот управител и му ги изнеле причините за демонстрацијата, енергично барајќи да се прекрати со мобилизирањето на Велешани. Но, тој не само што до крај не ги послушал искажувањата на жените, туку најгрубо ги отстранил и наредил против демонстрантките да интервенира полицијата. И покрај ваквиот развој на настаните, жените успеале да ја одржат демонстрацијата до пладне и отворено и гласно да му го упатат својот протест на бугарскиот фашистички окупатор. Еве што е запишано, во врска со демонстрацијата, во извештајот од велешкиот околиски управител,

---

[2]) Архивско одделение на Институтот за национална историја во Скопје, арх. бр. 4830.

[3]) Исто, арх. бр. 4831.

[4]) Исто, арх. бр. 5350, кутија 6.

[5]) Исто, кутија бр. 21 (документот нема сигнатура)

[6]) Реконструкција на Велешката партиска организација, Архивско одделение на Институтот за национална историја во Скопје, стр. 201.

упатен под строго позерливо до Скопскиот областен директор, и тоа во оној дел што го носи насловот: „Комунистички project и пропаганди": „. . . на 11 мај таа година (1942, б. м.) една група жени, околу 50—60 на број, се јавиле пред градската општина за да протестираат, бидејќи мажите им биле мобилизирани."[7]).

Шкртиот опис на демонстрацијата и малиот број наведени учеснички, очигледно имале за цел да ја омаловажат оваа смела акција на велешките жени. Спротивно на тоа, „Народен билтен" пишува повеќе за настанот. Навистина, во него е запоставена конкретноста во опишувањето на демонстрацијата, но тоа што го сретнуваме на неговите страници мошне е драгоцено за осветлување на овој значаен настан од антифашистичката дејност на жените во Велес. Имено, во број 20 од „Народен билтен", што го носи датумот 10 мај 1942 година, меѓу другото го читаме и ова:

„. . .Пред некој ден, кога требеше да тргнат војниците, кои сега се повикани за некоја трудова дружина, преку 200 макји, жени и сестри излегоа на улиците и пред општинската управа, протестирајќи, кажаа јасно и гласно дека тие не одгледувале синови за во војска."[8])

Во наредниот број на „Народен билтен", од 17 мај 1942 година, поместен е поопширен напис за демонстрацијата, кој за нас е важен и од аспектот на тогаш оствареното политичко единство меѓу жените. На 13 страница од Билтенот пишува:

„Деновиве жените од Велес — Македонки, Турчинки и Циганки истапија солидарно против мобилизирањето на нивните мажи и деца во бугарската војска, која тајно и маскирано изведува мобилизација во етапи, група по група, изговарајќи се дека ги праќа на работа. Карактеристично е бестрашното и пожртвовано истапување на велешанките пред бугарската власт и полиција. Една мајка, чиј син бил мобилизиран, пред полицискиот началник се држела одлично, напаѓајќи ја бугарската власт и зборувајќи меѓу другото и ова: „. . . вие, Бугарите, сега сте дојдени и веднаш ни ги зимате нашите деца во вашата војска. Додека не минат три години, најмалку, вие не смеете да ги зимате Македонците во бугарската војска." Една Циганка, пред општината, го раскринкала пред народот помошникот на кметот, кој и рекол дека за Циганите нема работа, и дека на мобилизираните Цигани не им следува помош. Циганката извикала: „Еве овој, сестри, ме испади и ми рече дека Циганите немале право на работа и помош!" После извесно време маса жени се затрчале и го ослободиле едно Турче од рацете на полицијата, која сакала да го тепа и уапси."[9])

Потврда за тоа дека бројот на жените во демонстрацијата бил поголем отколку што е забележено во окупаторскиот документ ни дава податокот што го сретнуваме во Извештајот за работата на партиските организации во Македонија, што на 4 септември 1942 година го испратил Добривоје Радосављевиќ до ЦК КПЈ. Во него тој запишал:

„. . .Во почетокот на мај околу 200 жени во Велес бараle да им ги вратат од војска нивните синови и мажи."[10])

---

[7]) Види: фуснота бр. 5.

[8]) Види: фуснота бр. 2.

[9]) Види: фуснота бр. 3.

[10]) Види: фуснота бр. 4.

Постојат индикации дека бил сторен обид демонстрацијата да продолжи и наредниот ден. На 12 мај се собрала помала група жени, но наскоро се разотишла по домовите. Податоци за тоа сретнуваме во Извештајот на велешката полициска управа што, на 10 септември 1942 година, бил испратен до Околијскиот полициски началник во Велес. Во него е забележено:

„. . .Васа (Есмерова), на 12 мај т. г. (1942 година, б. м.), ги потстрекнуваше жените и девојките да отидат пред општината и да протестираат за да не им одат мажите војници, иако истата не е мажена, ниту некој од нејзините домашни ќе оди војник. Претставена е како организаторка."[11])

И во сеќавањето на активистката Грозда Кочева, која била во групата на организаторките на демонстрацијата, сочуван е фактот за обидот демонстрацијата да продолжи и на 12 мај[12]). Меѓутоа, бидејќи се собрала помала група жени, а имало големо полициско обезбедување, тие биле принудени да се разотидат по домовите.

Носејќи силно изразен антиокупаторски белег, Мајската демонстрација ги обединила во своите редови разбунтуваните велешки жени, кои длабоко во себе ја носеле вековната револуционерна традиција на македонската жена. Во лозунгот на демонстрацијата жените на Велес нашле единствен јазик за протестот и отпорот, независно од националната припадност и социјалната положба, што само ја потенцирало величината на овој настан, кој останал во трајно сеќавање на современите генерации и дал поттик за уште помасовно прифаќање и вклучување на жените во народноослободителната борба на Велешкиот крај.

---

[11]) Архивско одделение на Институтот за национална историја во Скопје, кутија бр. 21 (документот нема сигнатура).

[12]) Реконструкција на Велешката партиска организација, Архивско одделение на Институтот за национална историја во Скопје, стр. 200—201.